Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневни настани 11.04.2023

На 10.04.2023, полициски службеници од криминалистичката полиција при СВР Битола извршиле претреси на повеќе локации во Битола и прегледи на повеќе лица, при што биле пронајдени хероин, марихуана и други предмети. При претрес со судска наредба во домот на Л.Н.(39) од Битола биле пронајдени и одземени марихуана, дробилка со остатоци од марихуана и други предмети. При претрес во дом и други простории кои ги користи О.П.(44) од Битола, извршен со судска наредба, биле пронајдени повеќе предмети за кои постои сомнение дека потекнуваат и се поврзани со кривично дело по член 215 од Кривичниот законик. При преглед на П.П.(40) од Битола бил пронајден и одземен хероин, додека при преглед кај О.Д.(37) од Битола, исто така, бил пронајден и одземен хероин, а со него биле затекнати и Г.С.(20) од Битола и Ф.О.(36) од Ресен. Сите лица биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случаите ќе следуваат соодветни пријави.

На 10.04.2023, поолициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода А.Р.(20) од Куманово. Тој бил затекнат при извршување кражба во двор од куќа сопственост на В.Ц.(84) од Куманово, во населба „Стари лозја", при што одзел неколку предмети. Одземените предмети биле вратени на сопственикот, а лицето било задржано во полициска станица. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Полициски службеници на СВР Тетово вчера (10.04.2023) околу 16.15 часот во Тетово го лишиле од слобода 27-годишниот тетовец Е.И.. Тој се сомничи дека на 09/10.04.2023 извршил две разбојништва и еден обид за разбојништво во казина во Тетово. Заканувајќи им се на вработените со остар и тврд предмет, тој одзел извесна сума парични средства. Со соодветен поднесок со кој ќе бидат опфатени трите сторени кривични дела, тој денеска (11.04.2023), во координација со Јавен обвинител ќе биде изведен пред судија во претходна постапка на Основниот суд Тетово.

На 10.04.2023 во 22.00 часот на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Н.(28) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 10.04.2023 во 15.00 часот на подрачјето на Шуто Оризари, полициски службеници од Полициското одделение Шуто Оризари го лишиле од слобода М.К.(22) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (10.04.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 217 возачи. Од нив шест возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а едно возило се движело со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 132 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 85 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (10.04.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 167 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 32 санкции, девет мерки за возење без возачка дозвола, 16 санкции за непропишо престројување на возила. Изречени се 11 мерки за користење мобилен телефон при возење, 11 санкции за технички неисправни и нерегистрирани возила, пет мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

На 10.04.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 7 прекршоци, од кои 2 надвор од населено место и 5 во населено место. Истиот ден, во периодот од 09.00 до 14.00 часот, била спроведена акциска контрола на возила со кои се врши јавен превоз на патници. За време на контролата 30 возила биле упатени во станица за технички преглед на возила. Притоа биле санкционирани 4 прекршоци, од кои 3 за неисправен уред за запирање и 1 за неизвршен вонреден технички преглед. Санкционирани биле и 16 други видови на прекршоци, од кои 6 за управување возило без возачка дозвола, 1 за возач почетник, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 3 за некористење сигуносен појас, 1 за користење мобилен телефон, 2 за непрописно престројување и 2 за непрописно паркирање.

На 10.04.2023 во 17.55 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Бардовци, скопско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „тојота ајго" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од Ц.П.(49) од Маврово и патничко возило „опел вектра" со скопски регистарски ознаки, управувано од З.П.(44) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Ц.П., а со телесни повреди се здобил З.П., констатирани во Градската општа болница „8 Септември". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 10.04.2023 во 20.00 часот било пријавено дека во Прилеп, на ул. „Цар Самоил", патничко возило „југо темпо" со прилепски регистарски ознаки, управувано од Б.И.(72) од Прилеп удрило во В.А.(78) од Прилеп. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила В.А., констатирани во Градската болница Прилеп. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Прилеп.
На 10.04.2023 во 11.15 часот во Полициската станица Карпош, М.Б.(50) од Скопје пријавила на бул.„Илинден" била касната од куче скитник.

На 10.04.2023 во 15.30 часот во Полициската станица Карпош, Т.Ѓ.Б.(45) од Скопје пријавила дека на ул.„Никола Русински" нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 10.04.2023 во 12.00 часот, Л.Д.(46) од Струга во полициска станица пријавил дека на ул. „Разме Малески" во Струга неговата малолетна ќерка била касната од куче скитник.

Во текот на вчерашниот ден (10.04.2023), во периодот од 09.00 до 14.00 часот, спроведена е акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на прекршоци на возила со кои се врши јавен превоз на патници. При контролата санкционирани се 28 прекршоци, од кои 17 поради неисправен уред за запирање... Упатени на вонреден технички преглед се 135 автобуси и други возила кои вршат јавен превоз на патници. За време на контролата констатирани и законски санкционирани се и 145 други видови на сообраќајни прекршоци.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Д.Ф.(43) од Кичево, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје и распрскувачки материи". При контрола на патничко возило „мерседес", управувано од пријавениот, полициски службеници пронашле и одзеле пиштол „Екол Туна", за кој по дополнителни проверки било утврдено дека бил модификуван во огнено оружје.

На 10.04.2023 во СВР Велес било пријавено дека околу 21.10 часот во спортската сала „Гемиции" во Велес, по одигрување на одбојкарскиот натпревар помеѓу екипите на ГОК Борец од Велес и ОК Шкендија од Тетово, бил нарушен јавниот ред и мир, при што дел од играчите на гостинската екипа и дел од присутните во публиката фрлале едни кон други со разни предмети. Притоа, со повреди се здобиле еден полициски службеник и еден играч на ОК Шкендија. Се работи на расчистување на случајот, по што ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 10.04.2023 во периодот од 09.00 до 14.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово спровеле акциска контрола на возила кои вршат јавен превоз на патници, претежно автобуси и комбиња. При контролата биле откриени и санкционирани 6 технички неисправни возила (ТЕ-5 и ГВ-1), од кои 5 (ТЕ) имале неисправни сопирачки, а 1 (ГВ) било со неизвршен технички преглед. Сите неисправни возила веднаш се исклучени од сообраќај и на нивните возачи изготвени им се соодветни поднесоци. Ваква контрола, исто така, била спроведена и од 06.00 до 10.00 часот, во која биле санкционирани 4 технички неисправни возила (ТЕ-1 и ГВ-3). Две возила (ТЕ-1 и ГВ-1) имале неисправни сопирачки, 1 (ГВ) неисправен уред за управување и 1 (ГВ) неизвршен технички преглед, а констатиран бил и 1 (ТЕ) друг вид на сообраќаен прекршок. Покрај тоа, санкционирани биле и 5 возачи (ТЕ) кои вршеле јавен превоз без потребните документи.
На 10.04.2023 во 09.05 часот во СВР Скопје било пријавено дека во казино на ул. „Бутелска" едно лице со закана кон вработената одзело пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.04.2023 во 19.00 часот во СВР Скопје, Г.Г.(43) од Скопје пријавил дека околу 18.00 часот во автобус на подрачјето на Центар, неговата ќерка била физички нападната од едно лице од с. Зелениково. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.04.2023 во 22.20 часот во СВР Скопје, Љ.Н.(56) од Скопје пријавил дека околу 17.30 часот на подрачјето на Бит Пазар неговата малолетна ќерка била физички нападната од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.04.2023 во 13.40 часот во СВР Скопје, И.Ф.(20) од Скопје пријавил дека околу 13.20 часот на подрачјето на Шуто Оризари бил физички нападнат од две лица. Се презеемаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.04.2023 во 16.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Чаир, Н.А. од Скопје бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.04.2023 околу 04.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во фирма на бул.„8 Септември", сопственост на К.Ф.(48) од Скопје биле фрлени тврди предмети и шишиња со запалива течност. Според пријавеното, пожар не бил предизвикан, туку биле оштетени работна машина и комбе „фиат" со скопски регистарски ознаки, сопственост на фирмата. Увид бил извршен и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.04.2023 во 11.00 часот во СВР Скопје, Д.Б.(46) од Скопје, вработен во казино на ул.„Качанички пат", пријавил дека на паркинг од казиното, три лица со закана му одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.04.2023 во 00.30 часот во Полициската станица Карпош, Џ.И.(57) од Гостивар пријавила дека од домот во Скопје, каде престојувал, се оддалечил нејзиниот син А.И. (26) од Гостивар. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 10.04.2023 во 21.40 часот во СВР Куманово, Ф.Т.(47) од Куманово пријавил дека на ул.„Јоско Илиевски" неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет